ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ
И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ
СКОПЈЕ

Институт за општествени и хуманистички науки
Бр 130/1/2017
13.07 2017 год.
СКОПЈЕ

# РЕФЕРАТ

За избор на еден научен соработник во Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје.

Со одлука на Научниот совет на Институтот за опшстествени и хуманистички науки – Скопје, на својата редовна седница на Научниот совет одржана на 23.06.2017 година, именувани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден научен соработник.

Кон пријавата се приложени потребните материјали, документи и податоци: биографија и библиографија на кандидатката, со објавени трудови и примероци од објавените трудови кои го сочинуваат опусот на научно-истражувачката и уметничката дејност на кандидатката.

Врз основа на поднесените материјали, Рецензентската комисија ги презентира следниве мислења и заклучоци:

1. Биографски податоци на д-р Ана Мукоска;
2. Преглед и оценка на научно-истражувачката и уметничката дејност;
3. Оцена за исполнетоста на условите за избор во звањето научен соработник (еквивалент: доцент).

Комисијата во состав: проф. д-р Катерина Колозова, проф. д-р Дона Колар-Панова, доц. д-р Викторија Боровска по прегледот на доставените материјали, го поднесува на усвојување следниов

# ИЗВЕШТАЈ

## I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Д-р Ана Мукоска, родена на 16.06.1974 година, во 1998 дипломирала на катедрата по политички науки на Правниот факултет, при Универзитетот Св. „Кирил и Методиј“, Скопје.

Последипломските студии ги завршува на Институт за социолошки и политичко-правни истражувања во состав на Универзитетот Св. Кирил и Методиј - Скопје. Во 2001 година ја одбрани магистерската теза: „Анализа на моделот на ЕУ за информациско општество“, со што се стекнува со степен на образование Магистер по комуникации.

На истиот Институт, во јуни 2010 ја брани својата докторска дисертација „Развој на информациското општество и импликациите на трансатлантските односи“ и се стекнува со степен на образоваание Доктор на политички науки.

Во 1998 е ангажираана како асистент на експертската група за програмски прашања при Советот за радиодифузија на Република Македонија. Во периодот од 1999 до 2010 работи во Институтот Евро-Балкан Скопје, каде во периодот 1999-2007 е ангажирана како анлитичар-истражувач на теми од областа на меѓународните односи и безбедност. Во 2007-2010 е назначена за Академски координатор на институтот Евро-Балкан.

Во академската 2003-2004 година релизира престој на два реномирани универзитети во САД во рамки на програмата JFDP (Junior Faculty Development Program) на Стејт департментот на САД за поддршка на развој и модернизирање на наставните програми и наставните методи. Во рамки на спомenатата програма од септември 2003 до мај 2004 престојува во својство на Visiting scholar на Дјук Универзитетот од Северна Каролина (Duke University, NC), на Институтот за јавни политики Тери Санфрд (Terry Sanford Institute for Public Policy). Во пролетниот семестар 2004 престојува во својство на Research Associate and Visiting Fellow на Универзитетот од Сан Диего, Калифорнија (San Diego University, CA) во Институтот за мир (Joan B. Kroc Institute for Peace and Justice).

Во периодот 1998-2010 учествува и на голем број на меѓународни обуки и семинари. Во 2004 и 2006 е член на меѓународната комисија за радио и телевизија (Commission on Radio and Television Policy) основана од поранешниот претседател на САД, Џими Картер.

Од февруари 2017 до денес започнува да работи како истражувач во Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје, каде е ангажирана на тековните истражувачки проекти на институтот.

## II. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА И НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ

### 1. Научно-истражувачка дејност

Д-р Ана Мукоска има истражувачко искуство во областа политичките науки, комуникациите и меѓународните односи, кое започнува од 1998 со нејзините магистерски студии на Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, на Универзитетот Св. Кирил и Методиј - Скопје. Во 2001 на споменатиот Институт ја брани магистерската теза на тема: „Анализа на моделот на ЕУ за информациско општество", со што се стекнува со степен на образование Магистер по комуникации. Во јуни 2010 на иститот Институт ја брани својата докторска дисертација „Развој на информациското општество и импликациите на трансатлантските односи" и се стекнува со степен на образоваание Доктор на политички науки.

Во периодот од 1999 до 2010 работи во Институтот Евро-Балкан Скопје, каде во периодот 1999-2007 е ангажирана како анлитичар-истражувач на теми од областа на меѓународните односи и безбедност. Во рамките на овој ангажман има изработено над 120 анализи кои се однесуваат на надворешната политика на САД, трансатлантските односи, Балканот, Блискиот Исток.

Во академската 2003-2004 година релизира престој на два реномирани универзитети во САДво рамки на програмата насловена JFDP (Junior Faculty Development Program) на Стејт департментот на САД, за поддршка на развој и модернизирање на наставните програми и наставние методи.Во рамки на споменатата порграма од септември 2003 до мај 2004 престојува на Дјук Универзитетот од Северна Каролина (Duke University, NC), во својство на Visiting scholar програмата за медиуми при Институтот за јавни политики Тери Санфрд (DeWitt Wallace Center for Communications and Journalism, Terry Sanford Institute for Public Policy). Во рамки на престојот д-р Мукоска го истражува проблемот со воспоставувањето на европскиот систем за сателитска навигација „Галилео" и импликациите врзодносите меѓу ЕУ и САД. Во текот на престојот на Институтот Тери Санфорд, таа е челн на меѓународната група насловена "Euro-Asian Group", со посебен интерс на темите поврзани со безбедност, демократија и енергетска гео-политика.

Во пролетниот семестар 2004 престојува во својство на Research Associate and Visiting Fellow на Универзитетот од Сан Диего, Калифорнија (San Diego University, CA) во Институтот за мир (Joan B. Kroc Institute for Peace and Justice). Во текот на престојот на овој универзитет, Ана Мукоска била ангажирана како асистент во академско истражување за анализа на дискурсот на надворешната политика на САД за војна против тероризмот.

Во 2007-2010, Ана Мукоска е назначена за Академски координатор на институтот Евро-Балкан и е вклучена во подоготовката и акредитацијата на две интердисциплинарни последипломиски студиски програми: студии на култура и регионални/политички студии на Југоисточна Европа. Во рамките на овој период е вклучена како истражувач во академски и меѓународни проекти на Институтот од кои посебно може да се издвојат следниве:

* (2007-2010) Истражувач на меѓународен академски проект во раамки на академската програма FP7 на Европската комисија. Наслов на проектот: *GE.M.IC. (Gender, Migration and Intercultural Interactions in the Mediterranean and South East Europe: an interdisciplinary perspective*).

* (2009-2011)Истражувач на меѓународен академски проект во рамки на Регионалната порграма за промовирање наистражувања на Западен Балкан (Regional Research Promotion Program- Western Balkans) коодинирана од Фрибург унивезитетот од Швајцаарија (Fribourg University - Switzerland). Наслов на проектот: „Знаење, моќ и општествени промени" ("Knowledge, Power and Social Change")

Во 2017 се вработува во Институтот за општествени и хуманистички истражувања-Скопје, каде е ангажирана на следниве тековни проекти:

* Деск истражување и анализа за проект насловен: "Initiative for editorial freedom: New policies and data driven advocacy", поддржан од IPA програмата за граѓанско општество и медиуми, 2015
* Деск анализа за проект насловен „Context Watch " за потребите на Швајцарскаата агенција за развој и соработка (Swiss Agency for Development and Cooperation).

Во периодот 1998-2010 учествува и следниве меѓународни обуки и семинари.

– Обука за истражувачки методологии во општествените науки со наслов: "Concepts and Measurements in Social Research", Prof. Marko Steenbergen, Institute for Political Science, University of Bern, Switzerland, 21-23 мај, Сараево, БиХ.

- Обука за анализа на квалитативни податоци со наслов: "Analysing Qualitative Data", LeaSgier, University of Geneva, 12-14 март, Тетово, Македонија.

- Семинар за меѓународно новинарсво, комуникации и медиуми (Seminar on International Journalism, Communications and Media), Kokkalis Foundation and Duke University, јули 2005,Олимпија, Грција.

- Летна школа насловена: "Евалуација на меѓународната промоција на демократија: квалитативни истражувачки методи за полиси импакт на јужен Балкан" (Evaluating International Democracy Promotion: Qualitative Research Methods for Policy Impact in the Southern Balkans), Институт Евро-Балкан, 19 јуни – 2 јули 2005, Охрид, Македонија.

- Семинар за медиуми и дипломатија, насловен: Ambassador Milton A. Wolf Seminar on Media and Diplomacy, Diplomatic Academy of Vienna, Duke University, ноември 2004, Виена, Австрија.

- Обука за истражување на публика (Workshop on Audience Research), Radio Free Europe/Radio Liberty, октомври 1998, Прага, Република Чешка.

**2. Објавени трудови:**

- *Спoредбен преглед на европското законодавство во поглед на медиумските аудио-визуелни услуги*, available at: http://www.isshs.edu.mk/%D1%81%D0%BF%D0%BE%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%B1%D0%B5%D0%BD-%D0%BF%D1%80%D0%B5%D0%B3%D0%BB%D0%B5%D0%B4-%D0%BD%D0%B0-%D0%B5%D0%B2%D1%80%D0%BE%D0%BF%D1%81%D0%BA%D0%BE%D1%82%D0%BE-%D0%B7%D0%B0%D0%BA%D0%BE/?lang=mk,Јули 2017, Институт за општествени и хуманистички науки, Скопје.

- Автор,(во печат) Компартивна анализа на европското законодавство за уредничката слобода, за издавачот Институт за општествени и хуманистички науки, Скопје.

- Ко-Автор,(во подготовка) Анализа на контекстот на состојбите во граѓанското општество во Македонија во 2016-2017, за потребите на проектот Context Watch на Швајцарската агенција за развој и соработка (Swiss Agency for Development and Cooperation), 2017.

- Ко-Автор, Анализа на контекстот на демократско законодавство во Македонија во 2009-2010, за потребите на проектот Context Watch на Швајцарскаата агенција за развој и соработка (Swiss Agency for Development and Cooperation), 2010.

- Ко-Автор , Анализа на контекстот на демократско законодавство во Македонија во 2008-2009, за потребите на проектот Context Watch на Швајцарскаата агенција за развој и соработка (Swiss Agency for Development and Cooperation), 2009.

- Ко-Автор , "Развој на информациското општество во Македонија во контекст на порцесот на евро-интеграција: предизвици и можности", полиси анализа за потребите на Секретаријатот за европски прашања на Владата на Р.М., 2007.

- Ко-Автор , „Информациското општество медиумите", експертски извештај на поглавието 3.10 за информациско општество и медиуми во Нацрт-националната порграма за усвојување на актите на Европската заедница (*AcquisCommunautair*). За потребите на на Секретаријатот за европски прашања на Владата на Р.М., 2009.

- Автор,"Реториката за Евро-интеграции како утопија на македонската транзиција", објавено во *Македонија меѓу византискиот комонвелт и Европската Унија*, Евро-Балкан Прес и КИЦ, 2008.

- Автор,„Транзиција на трансатлантскиот консензус: предизвици и можности за надворешната политика на Република Македонија", објавено во Форум Аналитика, Форум, 2006.

- Ко-автор на публикацијата Светот во 2005, Евро-Баклкан Прес, 2006. Автор на поглавието за надворешната и безбедносна политика на САД.

**3. Наставно-научна дејност**

Во текот на 2002-2005 д-р Ана Мукоска е ангажирана како асистент на Студиите по новинарство на Универзитетот Св. Кирил и Методиј, Скопје. Во академската 2002-2003 и во 2004, таа е асистент и предавач по предметот Социологија и комуникации. Во реализацијата на предвањата на Социологија и комуникации во 2004 вметнува нови теми во наставата кои се однеуваат на глобализацијата, општествените промени и новите технологии.

Во Ноември 2005 е ангажирана на споменатите студии по новинарство како предавач на семинарот со наслов „Улогата на медиумите во креирање на претсстава за другиот". Во рамки на овиој семинар предава на тема „Улогата на другиот во глобалните медиуми и културните граници на теоријата за масовните медиуми како хиподермичка игла". Исто така оддржува предавање на тема „Медиуми, технологии и конфликт: случајот со употреба на блоговите и пораките по мобилни телефони во младинските немири во Париз".

Во периодот 2007-2009, д-р Ана Мукоска е асистент на последипломските интердисциплинарни студии за Југоисточна Европа на Институтот Евро-Балкан. Во 2009 креира програма за изборен предмет за Тансатлантски односи на истоимената последипломска програма.

## III. ОЦЕНА ЗА ИСПОЛНЕТОСТА НА УСЛОВИТЕ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

Досегашното научно-истражувачко и работно искуство, објавените трудови, работата на истражувања, семинари, работилници и проекти, додипломското образование и завршените постдипломски студии, сведочат за упатеноста на д-р АнаМукоска во научното истражување.

По прегледувањето на приложените академски и истражувачки ангажмани и по усогласувањето на поединечните мислења, констатирано е дека научните истражувања на д-р Ана Мукоска се развиваат и се фокусираат во однос на дисциплините и интердисциплинарните области од општествените и хуманистички науки.

**Заклучок:**

Од приложената документација може да се константира дека: Д-р Ана Мукоска има искуство во подготовка и реализација на научно-истражувачки проекти и пишување на научни студии. Нејзината работа и трудови се базирани на самостојно работени истражувања и анализи, што покажува сериозно владеење на методологијата во општествените истражувања.

Темите кои ги опфаќа во својата работа, магистерскиот и докторскиот труд покажува дека има значаен удел за општествените и хуманистичките дисциплини во Македонија. Со тоа покажува сериозна иницијативност, самостојност и желба да даде придонес во развојот на соодветните научни области.

Откако внимателно ја разгледа приложената документација, комисијата заклучи дека д-р Ана Мукоска ги исполнува условите предвидени со Законот за научно – истражувачка дејност на Република Македонија, за изборво научно звање - научен соработник (еквивалент: доцент).

**Предлог:**

Запознавајќи се со научниот опус и наставените активности над-р Мукоска, можеме да заклучиме дека таа постигнала значајни резултати кои имаат влијание на развојот на науката и практиката во Република Македонија. Имајќи го предвид сето ова, ни претставува чест и задоволство да му предложиме на Научно-наставниот совет на Институтот за опшстествени и хуманистички науки – Скопје, д-р Ана Мукоска да се избере во звањето научен соработник (еквивалент: доцент) при Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје.

Рецензентска комисија:

Д-р Катерина Колозова, редовен професор,

Институт за општествни и хуманистички науки - Скопје, претседателка

Д-р Дона Колар-Панов, редовен професор,

Институт за општествни и хуманистички науки - Скопје, членка

Д-р Викторија Боровска, доцент,

Институт за општестевни и хуманистички науки - Скопје, членка